РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
-РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0306/1168
10.07 2009 год.
СКОПЈЕ 1

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ – РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ

# СТАТУТ

**СКОПЈЕ, 2008**

Врз основа на член член 9 став 2 од Законот за Високо Образование (сл. Весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008 и 26/2009 ), Сенатот на Прв приватен универзитет - Европски универзитет – Република Македонија, на седницата која се одржа на 10.07.2009 година го донесе следниов

# СТАТУТ

на Прв приватен универзитет – Европски Универазитет – Република Македонија

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

*1. Статус и основни дејности*

**Член 1**

**"Прв приватен универзитет – Европски универзитет – Република Македонија"** (во понатамошниот текст ЕУРМ) е приватна високообразовна установа основана од **Проф. Д-р. Бојо Андрески** од Скопје.

**"Прв приватен универзитет – ЕУРМ"** врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка и издавачка дејност. ЕУРМ врши други активности кои се во врска со остварувањето на основната дејност.

*2. Назив и седиште*

**Член 2**

**"Прв приватен универзитет – ЕУРМ"** - Скопје работи под назив: **"Прв приватен универзитет – Европски Универзитет Република Македонија"**.

Скратениот назив на **"Прв приватен универзитет – Европски Универзитет Република Македонија"** - Скопје е **ЕУРМ.**

Седиштето на Универзитетот е на **бул. Св. Климент Охридски бр. 68, Скопје.**

Наставата на **Универзитетот** ќе се одвива и во одделението во **Охрид** на **ул. Македонски просветители бб, и други градови и држави, со одлука на основачот.**

*3. Правен статус на ЕУРМ*

**Член 3**

**Универзитетот** има својство на правно лице.

Факултетите во состав на **Универзитетот** се без својство на правно лице. Секој факултет има правилник, кој се донесува од научно-наставничкиот совет, по претходна писмена согласност од управниот одбор, со кој, во согласност со овој статут се уредуваат внатрешните односи и работењето.

**Универзитетот** во правниот промет, настапува во свое име и за своја сметка со права и обврски утврдени со Законот за високото образование, Одлуката за основање и со овој Статут.

Со одлука на основачот, во рамките на **Универзитетот** може да се формираат организациони единици (одделенија) за вршење на основната дејност надвор од регистрираното седиште на Универзитетот.

**Универзитетот** не може да го остварува својството на правно лице спротивно на Законот за високото образование и целите за чие остварување е основан и интересите на основачот.

*4. Печат, знаци и други обележја*

**Член 4**

**Универзитетот** има печат и штембил согласно член 10 од Законот за високото образование.

Печатот на **Универзитетот** е со форма на круг. Во средината на кругот се наоѓа грбот на **Република Македонија**, а околу грбот е испишано: **Европски Универзитет - Република Македонија**.

Со идентична форма и содржина е сувиот печат на **Универзитетот.**

Штембилот има правоаголна форма, во првиот ред на средина е втиснат грбот на **Република Македонија**, а под грбот текстот: **Република Македонија**, потоа **Европски Универзитет – Република Македонија**, под него бр. _______ (за пишување на деловоден број), и под него _____________ 200_ година (за пишување на датум), и на последниот ред пишува: **Скопје**.

**Универзитетот** има амблем, знаме, инсигнии и одора.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА

*1. Академска заедница*

**Член 5**

Лицата избрани во наставно-научни и наставно-стручни звања на **Универзитетот** и студентите на **Универзитетот** се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето, како почесни членови, без право на одлучување.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се утврдуваат со Етичкиот кодекс што го донесува **Сенатот**.

## III. АКАДЕМСКА АВТОНОМИЈА

*1. Автономија*

*1.1. Содржина и заштита на автономијата*

**Член 6**

**Универзитетот** ја врши својата дејност врз принципот на академската автономија.

Автономијата на **Универзитетот** вклучува академска слобода, автономија на управувањето со **Универзитетот** и неприкосновеност на автономијата.

Со автономијата на **Универзитетот** се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

**Универзитетот** има право на заштита на автономијата пред судовите.

**Универзитетот** ги остварува содржините и заштитата на автономијата согласно со Закон, овој Статут, актите на **Сенатот**, одобрени од основачот.

### *1.2. Академска слобода*

**Член 7**

Академската слобода опфаќа:

- слобода во научно-истражувачката работа, уметничко создавање, примената и посредување на знаењето,
- слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања,
- слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите,
- слобода на избор на студиските програми и содржината на одделните предмети, како и подготвување на учебници и други учебни помагала,
- слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните и уметничките содржини,
- утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование, согласно Законот и одлуките на основачот.
- подготвување, усвојување и остварување на научно-истражувачки програми и применувачка работа,
- доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули,
- определување услови, критериуми и постапка за избор во наставно-научни, научни и наставни звања.
- избор во наставно-научни, научни и наставни звања

Formatted: Bullets and Numbering

### *1.3. Автономија на управувањето*

**Член 8**

Автономијата во управувањето со **Универзитетот** се изразува во:

- планирање, остварување и развој на високообразовната дејност;
- воспоставување и уредување на внатрешната организација;
- избор, именување и отповикување на органите согласно со Статутот;
- одлучување за формите на соработка со други организации;
- донесувањето на статутот, односно правилникот на единицата,
- формирањето на фондови и основањето други организации од сопствени приходи, донации и други извори заради вршење на високообразовна, научно-истражувачка, издавачка и применувачка дејност,
- управувањето и користењето на сопствениот имот,
- одлучувањето за формите на соработка со други организации, во согласност со развојниот план на основачот.

- здружувањето и асоцирањето во соодветни организации и форуми во земјата и странство, со согласност на основачот,
- остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори за соработка и учеството во меѓународни организации и асоцијации и одлучувањето за други права утврдени со статутот, односно правилникот на единицата.

**Член 9**

Недвижниот имот и другите средства на ЕУРМ и еднициците во неговиот состав се во сопственост на основачот.

ЕУРМ управува со имотот, и ги користи предметите, паричните средства и другите материјални права заради вршење високо-образовна дејност, во согласност со одлуките на основачот.

*1.4. Неприкосновеност на автономијата*

**Член 10**

Автономијата на **Универзитетот** е неприкосновена и таа не може да се нарушува и со:

- неповикано учество во дејноста на **Универзитетот**;
- извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница насочени кон дискриминација на човекот и граѓанинот, сврзана со полот, расата, бојата на кожата, националната и етничката припадност, социјалното потекло, политичкото и верското убедување и припадност, имотната и општествената положба;
- политичко и религиозно организирање и дејствување, освен активностите што се остваруваат преку форуми на кои се разменуваат идеи и мислења.

Просторот на **Универзитетот** е неповредлив. Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат, без согласност на **Ректорот** или на лица овластено од него, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други незгоди (пожар, поплава и слично).

Просторот на **Универзитетот** ги опфаќа земјиштето и објектите во кои се остварува дејноста на **Универзитетот**, другите придружни објекти, како и просторот наменет за спортски, културни, уметнички, рекреативни и други активности на студентите и на вработените на **Универзитетот**.

Доколку просторот на **Универзитетот** се наруши спротивно на одредбите од Законот за високо образование и овој Статут, **Ректорот** свикува седница на Ректорската управа и го известува **Управниот одбор** и надлежните државни органи.

Доколку заради нарушување на просторот спротивно на одредбите од Законот за Високо Образование навистина не може да се свика навремена седница, Ректорот најсовесно ќе преземе привремени мерки до одржување на првата наредна седница, кои се однесуваат на новонастаната состојба, а се во интерес на Универзитет.

**Член 11**

Просторот на **Универзитетот** го обезбедува професионално ангажирана служба за обезбедување.

Вработените во службата за обезбедување на **Универзитетот** мора да поседуваат Лиценца за работа издадена од Комората на **Република Македонија** за обезбедување лица и имот, согласно Законот.

Работата на Службата за обезбедување на **Универзитетот** поблиску ќе биде определена со Правилник за работа на Службата, т.е. со договор за обезбедување од страна на професионално ангажирање на овластена агенција за обезбедување.

*2. Решавање на споровите*

**Член 12**

Споровите што настануваат меѓу членовите на академската заедница во рамките на **Универзитетот**, како и споровите меѓу **Универзитетот** и друга високообразовна установа се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во заедничките органи, арбитражно и на друг начин на академско разбирање.

При решавање на споровите од став 1 на овој член не може да се попречува редовното одвивање на дејноста на **Универзитетот**.

Решавањето на споровите се врши според одредбите на овој Статут и правните акти донесени од Ректорската управа, Сенатот на **Универзитетот и органот на основачот (Управниот одбор).**

## IV. САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Член 13**

За процена на квалитетот на вршење на високообразовната дејност, на управувањето, финансирањето, академските и други активности и нејзините приоритети, **Универзитетот** врши самоевалуација.

Самоевалуацијата се остварува преку институционална евалуација и преку евалуација на студиските и предметни програми и на процесите на настава и учење (во натамошниот текст: самоевалуација).

Самоевалуацијата се спроведува во рамките на факултетите и на ниво на **Универзитетот**, согласено Упатството за единствените основи на самоевалуацијата, членот 15 став 1 од овој статут и членот 77 став 3 од ЗВО.

**Член 14**

Евалуацијата на **ЕУРМ** ја спроведува Комисија за самоевалуација на **Универзитетот** составена од 7 членови, од кои пет се избираат од редот на наставниците, а два од редот на студентите.

Евалуацијата на ниво на факултет ја спроведуваат поткомисии за евалуација на факултетите од 5 члена, од кои три се избираат од редот на наставниците и два од редот на студентите.

Мандатот на членовите на Комисијата од став 1 и на поткомисиите од став 2 на овој член трае четири години, а мандатот на студентите две години, без право на повторен избор.

**Сенатот** ги избира, со тајно гласање, членовите на Комисијата за евалуација на **Универзитетот**, а **Наставно-научните совети** на факултетите ги избираат членовите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.
Претставниците на студентите ги избира студентскиот парламент.

Евалуацијата од страна на студентите се добива на крајот на секоја учебна година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научно звање.

Евалуацијата се добива по пат на анкета на студентите која ја спроведува ЕУРМ на начин утврден со статутот и правилник.

**Член 15**

Комисијата за самоевалуација на **Универзитетот** и поткомисиите за самоевалуација на факултетите, евалуацијата ја вршат според условите утврдени со овој Статут и според Правилникот за евалуација на **Универзитетот** кое го усвојува Сенатот.

Со Комисијата за самоевалуација на **Универзитетот** односно со поткомисиите за евалуација на факултетите раководи претседател избран од составот на Комисијата, односно поткомисијата, од редот на наставниците.

**Член 16**

Комисијата за самоевалуација на **Универзитетот** ги анализира и ги оценува:

- реализацијата на студиските и предметните програми;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиските и предметните програми;
- резултатите од полагањето според структурата на студиските програми (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиските програми и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според регионалната припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;
- дејноста на **Универзитетот** според условите на дадената акредитација и дозволата за вршење високообразовна дејност;
- ја координира работата на поткомисиите за самоевалуација на факултетите.

**Член 17**

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите ја анализира и дава оцена за реализацијата на програмата на катедрите за:

- реализацијата на студиската програма;
- степенот на учество на наставниците, соработниците и студентите во реализацијата на студиската програма;

- резултатите од полагањето според структурата на студиската програма (задолжителни, изборни, факултативни, општи, специјалистички, теоретски, практични, лабараториски и слично);
- бројот и структурата на студентите;
- времетраењето на студиската програма и проодноста по учебни години;
- успехот на студентите според начинот на студирање, како и според регииналанта припадност, националната припадност и слично;
- влијанието на опременоста (библиотечен фонд, компјутерска опрема, читални и слично) врз ефикасноста во студирањето;
- влијанието на истражувачката работа врз квалитетот на наставата и студирањето;

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од евалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на студиите на соодветниот факултет.

**Член 18**

Комисијата за самоевалуација, врз основа на сопствените истражувања и извештаите на поткомисиите за самоевалуација на факултетите изготвува годишен извештај за резултатите од самоевалуацијата со оцена на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на **Универзитетот**.

Поткомисијата за самоевалуација на факултетите го доставува извештајот до Комисијата за самоевалуација на **Универзитетот** и до Наставно-научниот совет на факултетите. Комисијата за самоевалуација на **Универзитетот** го доставува извештајот до **Сенатот**, и **Управниот одбор**, како и до Агенцијата за евалуација, Одборот за акредитација и до други надлежни институции заинтересирани за дејноста на високообразовните установи.

## V. ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

### *1. Јавност во работата на ЕУ-РМ*

**Член 19**

**ЕУ-РМ Универзитет** обезбедува јавност во вршењето на високообразовната и научноистражувачката дејност.

Јавноста од став 1 на овој член се остварува со ставање на увид на јавноста на годишниот извештај за резултатите од самоевалуацијата, со издавање на годишници на **ЕУ-РМ**, учебници и учебни помагала, монографии, преку WEB страницата на **ЕУ-РМ**, преку изданијата на студентите и на друг соодветен начин.

Јавноста се информира и во вршењето на применувачката дејност во рамките на обврските што ги превзема **ЕУ-РМ** со правни лица за кои се врши дејноста.

За информирање на јавноста се грижи **Ректорот на Универзитетот и Деканите на факултетите** и Ректорската и Деканатските управи, како и лицето задолжено за односи со јавност.

За известување на јавноста за изведувањето на научно-истражувачка дејност се грижи секој член на Универзитетската и факултетската заедница кој учествувал во научно-истражувачката дејност на начинот утврден од научно-истражувачкиот тим.

*2. Отчетност и одговорност*

**Член 20**

Отчетноста и одговорноста на **ЕУ-РМ** се изразува преку:

- поднесување годишен извештај за работата до **Сенатот** и **Управниот одбор**;
- внатрешен систем за оцена на ефективноста и квалитетот на остварувањето на дејностите на **ЕУ-РМ** (внатрешна евалуација);
- информирање на Агенцијата за евалуација и Одборот за акредитација и
- информирање на пошироката јавност.

## VI. УЛОГА, ЗАДАЧИ И ДЕЈНОСТ НА ЕУ-РМ

**Член 21**

Улога и задача на **ЕУ-РМ** е да работи и придонесува за: стекнување и пренесување знаења, организирање студии, развој и промоција на образованието и науката, развој на креативните способности, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни откритија и стручни знаења, поттикнување на застапеноста на спортот и напредокот на општеството во кое човекот ја превзема одговорноста за својата сопствена иднина.

Улогата и задачите од став 1 на овој член **Универзитетот** ги остварува со:

- организирање на различни видови и степени на високото образование:
- изведување развојни и применети истражувања и вршење на применувачка дејност, изведување практични и комплексни научно-истражувачки проекти од поширок интерес за стопанството и за општествените дејности;
- учество во планирање, утврдување и развој на вкупниот образовен систем; следење и примена на модернизацијата во остварувањето на дејноста;
- континуирано образование кое се врши преку курсеви, семинари, далечинско образование, со кое се стекнуваат нови знаења и се проширува знаењето и стручноста;
- различни форми на образование и развој во областа на науката, техниката и културата; надградување и продлабочување на завршните прв и втор циклус универзитетски студии;
- остварување научна соработка и практична работа со странски и со национални високообразовни и научни установи и други форми на меѓународна соработка;
- организирање и реализирање на високостручна применувачка дејност;

- организирање други форми и видови подигање на општото образовно ниво и поттикнување конструктивен натпревар помеѓу различните идеи и пристапи.

**Член 22**

**Универзитетот** ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност **Универзитетот**:

- го планира остварувањето и развојот на својата дејност;
- врши високообразовна дејност како прв, втор и трет циклус студии во една или во повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини од областите за кои е дадена акредитација и се грижи за нивниот развој;
- издава дипломи и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени во Законот и овој Статут;
- организира различни студии за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и за континуирано образование;
- учествува во планирање, утврдување и развој на вкупниот образовен систем во државата и се грижи за неговото унапредување;
- врши применувачка дејност и нејзина примена во практиката;
- управува и го користи имотот и материјалните добра со кои располага, во согласност со одлуките и интересите на основачот.
- во рамките на политиката за развој на наставно-научна соработка, остварува соработка со сродни високообразовни и научни установи во земјата и странство;
- организира научни собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови собири;
- организира сопствена издавачка дејност во рамките на своите потреби и можности;
- продава и разменува научни и стручни услуги и производи на правни и на физички домашни и странски лица;
- води грижа за унапредување и заштита на стандардот на студентите и на вработените;

**ЕУ-РМ** во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем и врз единствените основи, ја организира работата на библиотеката, библиотечно-информациската и документациската дејност, издавачката дејност, компјутерската мрежа и раководи со неа.

**ЕУ-РМ Универзитет** врши и други работи и дејности утврдени со Закон, со овој Статут и акти на органите, кои се во согласност со остварувањето на автономијата.

## VII. ОРГАНИ НА “Прв приватен универзитет – ЕУ-РМ”

**Член 23**

Органи кои носат одлуки и административни тела кои се избираат односно конституираат на **Универзитетот** се:

1. **Управен одбор**
2. **Сенат**
3. **Ректор**
4. **Ректорска управа**

Органи на Факултетите кои се во состав на **Универзитетот** се:

1. **Наставно-научен совет;**
2. **Декан**
3. **Деканска управа.**

*1. Управен одбор*

**Член 24**

**Управниот одбор** го сочинуваат претседател и 2 члена кои ги избира и именува сопственикот-основачот.

Мандатот на Управниот одбор изнесува 4(четири) години со можност за реизбор.

*1.1. Надлежности на Управниот одбор*

**Член 25**

**Управниот одбор е орган на основачот на Универзитетот.**

**Управниот одбор** на **Универзитетот**:

- го одобрува буџетот на **Универзитетот**;
- по потреба врши ребаланс на буџетот;
- ја усвојува завршната сметка на **Универзитетот**;
- ја утврдува систематизацијата на работните места на **Универзитетот**;
- одлучува за користење на имотот за вршење на дејноста на **Универзитетот**;
- одлучува за исплати **над 5.000 Евра** во денарска противредност;
- дава согласност, одобрува или има и други овластувања утврдени со овој Статут и другите акти на управување;
- го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот,
- усвојува годишен финансиски план на универзитетот,
- донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,
- донесува програма за инвестиции на универзитетот и единиците во неговиот состав,

Покрај претседателот и другите членови, во рамките на управниот одбор функционира и Генералниот директор на универзитетот.

*1.2. Генерален Директор на Универзитетот (тело на Управниот одбор)*

**Член 26**

**Генералниот Директор** во име на Управниот одбор раководи со финансиските и административно-техничките работи на **Универзитетот**.

**Член 27**

**Генералниот директор** во име на Управниот одбор ги врши следните надлежности:

- раководи со финансиите и другите материјални добра на **Универзитетот;**
- се грижи за подготвување на седниците на **Управниот одбор** и за извршување на неговите одлуки;
- самостојно именува раководители на административни сектори и одделенија, раководи со административно-техничкиот кадар и ја координира неговата работа со академските органи на Универзитетот и во врска со тоа поседува посебни овластувања утврдени со овој Статут и Правилникот за организација и работа на Секретаријатот;
- соработува со **Ректорот** и **Ректорската управа** и со **Генералниот секретар;**
- раководи со одговорните лица кои ќе ги именува по предлог на Управниот Одбор, и другите административни органи на факултетите кои се во состав на **Универзитетот;**
- Одговорен е за спроведување на критериумите за вреднување на резултатите на вработените на Универзитетот согласно актите на Универзитетот;
- ги следат прописите за финансиските, книговодствените и општите работи и преземаат мерки за нивна доследна примена, во име на Управниот одбор, односно под надзор на основачот.
- го подготвува предлогот на финансискиот план на **Универзитетот**;
- ја подготвува завршната сметка; која ја одобрува основачот.
- го застапува **Универзитетот** по имотни, општи и правни работи;
- се грижи за извршување на сите материјални и финансиски обврски кон трети лица и кон државни органи и тела;
- се грижи за уредно и ажурно извршување на задачите во надлежност на Секретаријатот;
- го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на **Универзитетот** и презема нужни мерки по добиени инструкции од целиот Управни Одбор;
- донесува правни акти со кои се регулира статусот на вработените и превзема мерки во случај на кршење на законските одредби од страна на вработените.
- врши и други работи што ќе му ги довери **Управниот одбор**.
- врши и други права и обврски утврдени со Закон, со овој Статут и други акти на **Универзитетот**.

**Член 28**

Во извршувањето на задачите на **Директорот** му помагаат заменици на **Директорот**, раководители и други органи кои сам ќе ги именува со претходна консултација и писмено одобрение од **Управниот одбор**.

*1.3.. Генерален сектретар*

**Член 29**

Генералниот секретар ги претставува и застапува интересите на Управниот одбор на Универзитетот.

Генералниот секретар може да стави вето на одлуките на Ректорската управа доколку смета дека тие се во спротивност на законот или интересите на основачот.

Доколку Генералниот сектретар стави вето на некоја одлука на Ректорската управа, за тоа писмено го известува Ректорот и Претседателот на Управниот одбор.

Претседателот на Управниот одбор ја разгледува настанатата ситуација и носи конечна одлука.

**Член 30**

Генералниот секретар на Универзитетот го избира Управниот одбор за време од четири години.

Управниот одбор може да го разреши генералниот секретар ако неговата работа е спротивна на законот, овој Статут и другите општи акти на Универзитетот, како и поради незадоволителни резултати од неговото работење.

**Член 31**

Генералниот секретар е самостоен во работата од својот делокруг и, во вршењето на своите права и должности е одговорен пред Управен одбор.

2. *Сенат на ЕУ-РМ Универзитет*
3.

**Член 32**

**Сенатот** е орган на академско управување и стручен орган на **Универзитетот**.

**Сенатот** го сочинуваат два претставника од Факултетот за Економски науки и по еден претставник од другите акредитирани факултети, како и еден претставник од студентите.

Претставниците на факултетите се од редот на редовните професори, вонредните професори и доцентите и се избираат со тајно гласање на Наставно-научниот совет на факултетот.

Во работата на Сенатот учествуваат **Проректорите, Деканите** и **Генералниот секретар,** без право на глас.

Во работата на **Сенатот** можат да учествуваат и членовите на **Управниот одбор,** без право на глас.

## *2.1.Избор и мандат на членовите на Сенатот*

**Член 33**

Членовите на **Универзитетскиот Сенат**, со непосредно и тајно гласање, ги избираат Наставно-научните совети на факултетите, а студентите – **Студентскиот Парламент**.

Мандатот на членовите на **Универзитетскиот Сенат** од редот на наставниците трае четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Мандатот на претставникот на студентите трае 2 години, без право на повторен избор.

**Член 34**

Во текот на мандатот може да се изврши замена на член на **Универзитетскиот Сенат**, на ист начин и постапка како и при избирање на членовите на **Сенатот**. Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на претходниот член.

**Член 35**

Постапка за избор на членови на **Универзитетскиот Сенат** започнува најмалку 60 дена пред истекот на мандатот на постојниот **Сенат**. Постапката ја покренува **Ректорот** кој ја свикува и претседава со конститутивната седница на новиот **Сенат**.

## *2.2.Надлежност на Сенатот на ЕУ-РМ*

**Член 36**

***Сенатот како орган на управување и стручен орган:***

- донесува статут и други општи акти; во согласност со законот и со одобрение од Управниот одбор.
- избира и разрешува **Ректор** и **Проректори**; со претходна согласност на Управниот одбор,
- го потврдува изборот на деканите;

донесува одлука за формирање на организациони единици во седиштето и надвор од седиштето на **ЕУ-РМ**, организации и трговски друштва, по претходна согласност од **Управниот одбор**.

Formatted: Bullets and Numbering

- донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- донесува програма за научноистражувачка дејност;
- утврдува студиски програми и предметни програми;
- врши потврда на избор во наставно-научни и наставно-стручни звања;
- спроведува постапка за воведување на втор и трет циклус студии;
- презема мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност на факултетите, во согласност со законот и со одобрение од Управниот одбор.
- го предлага бројот на студенти за запишување во прва година на прв, втор и трет циклус студии;

- презема мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- избира и разрешува членови на Комисијата за самоевалуација на **ЕУ-РМ** и членови на подкомисиите за евалуација на факултетите.
- донесува Упатство за самоевалуација на **Универзитетот**;
- формира повремени или постојани комисии и други работни тела за одделни прашања од својата надлежност;
- организира домашни и меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично, по предходно одобрение од Управниот одбор;
- одлучува за меѓународната соработка, со согласност од Управниот одбор.
- дава согласност за наставно-научни и за стручни престои во странство, по предходно одобрение од Управниот одбор;
- одлучува за библиотеката, библиотечно-информацискиот систем и за остварување на библиотечно-информациската и документациската дејност, како и за компјутерската мрежа;
- донесува деловник за работа на сенатот, одобрен од Управниот одбор.
- презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените и
- ги утврдува научните, односно уметничките области, наставните подрачја и области како и наставните дисциплини за кои единиците во неговиот состав вршат високообразова дејност,
- дава мислење за спојување, поделба или присоединување на одделни единици на универзитетот.
- утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање,
- дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,
- дава мислење и поднесува предлози на националната програма за научно-истражувачката дејност на Република Македонија,
- ги избира редовните професори,
- одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa) и звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa),
- дава мислење на Интеруниверзитетската конференција по нормативите и стандардите за вршење на високообразовната дејност,
- донесува правилник за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања, со согласност на Управниот одбор.
- донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии, со согласност на Управниот одбор.
- донесува правилник за единствениот кредит систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,
- донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии

на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома, со согласност на Управниот одбор.
- донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот, со согласност на Управниот одбор.
- ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност, со согласност на Управниот одбор.

**Сенатот** врши и други работи утврдени со Законот за високото образование и со општи акти на **Универзитетот**.

*2.3.Одлучување на Сенатот*

### Член 37

**Сенатот** одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

При потврдување на изборот во наставно-научни звања не учествуваат асистентите, помладите асистенти и студентите.

**Сенатот**, може да одлучува за потврдување на изборот во наставно-научни и во научни звања, доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број од редовните професори, вонредните професори и доцентите, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од вкупниот број од редовните професори, вонредните професори и доцентите.

За донесување на Статутот, студиските и предметните програми и за потврдување на изборот во соработници, **Сенатот** може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од вкупниот број членови на **Сенатот**, и таа е одобрена од Управниот одбор.

На седниците на **Сенатот** можат да учествуваат во работата членовите на **Управниот одбор**, и **Генералниот секретар** на **Универзитетот**.

### Член 38

Седниците на **Сенатот** ги подготвува, свикува и раководи **Ректорот,** а во негово отсуство еден од членовите, кој тој ќе го овласти.

**Ректорот** свикува седница на **Сенатот** по сопствена иницијатива.

**Ректорот** е должен да свика седница на **Сенатот** на барање од **Управниот одбор**, од **1/3** од членовите на **Сенатот** или на најмалку 4 (четири) декани.

Ако **Ректорот** не закаже седница по барање на субјектите од претходниот став во рок од **30 дена Сенатот се распушта и се пристапува кон избор на нов состав на Сенатот**.

Постапка за избор на нов сенат ќе се изврши врз основ на акт донесен од Ректорот во рок од **15 дена** сметајќи од денот на донесеното решение.

Седницата на **Сенатот** се закажува најмалку **3 (три)** дена пред одржувањето, а материјалите по точките на дневниот ред им се доставуваат на

членовите и на другите учесници најмалку два дена пред одржувањето на седницата.

Дневниот ред на седницата на **Сенатот** се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 39**

Текот на седницата на **Сенатот**, прифатените ставови и донесените одлуки се регистрираат во Записник.

**Ректорот**, односно претседавачот на седницата ги формулира одлуките и заклучоците пред да се пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницата на **Сенатот** се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница и го потпишува **Ректорот**, односно претседавачот со седницата.

**Член 40**

**Сенатот** по правило прифаќа одлуки со јавно гласање, доколку со овој статут не е предвидено тајно гласање. Другите прашања од работењето на Сенатот се утврдуваат со деловник за работа.

*3. Ректор*

*3.1.Положба и избор*

**Член 41**

Ректорот е раководен орган на Универзитетот.

Ректорот го претставува и го застапува Универзитетот во земјата и во странство.

Вршењето на должноста ректор е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 42**

Ректорот на Универзитетот се избира од редот на редовните професори, за време од четири години, со право на уште еден избор, а по предлог на Управниот одбор.

Ректорот може на начин и под услови утврдени со статутот на Универзитетот, како и на барање на Управниот одбор да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран.

Универзитетот има еден или повеќе проректори, кои се избираат од редот на лицата избрани во наставно-научни звања, по предлог на Ректорот, а со согласност на Управниот одбор, на начин и постапка утврден со статутот на Универзитетот.

**Член 43**

Изборот на ректор се врши врз основа на критериумите за предлагање и избор на ректор и проректори, што ги донесува Управниот одбор и Универзитетскиот сенат.

**Член 44**

На ректорот функцијата му престанува и пред истекот на мандатот ако:

- биде разрешен
- поднесе оставка
- или ако на друг начин му престанал работниот однос по сила на Законот за работни односи.

При истекот на мандатот или поради други причини предвидени со закон, местото ректор го зазема ВД.

**Член 45**

Ако на местото ректор на Универзитетот се испразни пред истекот на времето за кое е избран, ќе се избере нов ректор, најдоцна во рок од **90 дена** откако е местото испразнето.

Ако на местото ректор навремено не може да биде избран ректор, или ако местото ректор е испразнето помалку од 6 месеци, Универзитетскиот сенат, по предлог на Управниот одбор, за тоа место именува вршител на должноста ректор.

Мандатот на новиот ректор трае до истекот на рокот за кој е избран претходниот ректор на Универзитетот.

*3.2.Надлежност на ректорот*

**Член 46**

Ректорот во рамките на раководењето со Универзитетот:

- ја усогласува високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност и друга работа на универзитетот,
- ги свикува и претседава со седниците на сенатот,
- ги извршува одлуките и заклучоците на сенатот и на Управниот одбор,
- дава иницијатива за седница и го свикува на сенатот,
- му поднесува на сенатот и на ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност,
- промовира доктори на науки;
- доделува награди на универзитетот, со согласност на Управниот одбор.
- избира, суспендира и разрешува декан, со согласност на Управниот одбор.
- назначува времен вршител на должност декан, во согласност со Управниот одбор;
- ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство,
- врши други работи утврдени со закон, статутот и други општи акти на универзитетот.

**Член 47**

Факултетите во состав на Универзитетот се должни, на барање од ректорот или Управниот одбор, да го информираат за сите прашања што се од интерес за остварување на целите и задачите на Универзитетот и да му овозможат пристап до сите документи од нивното работење.

*3.3.Права, должности и одговорности на ректорот*

**Член 48**

Ректорот е должен, најмалку еднаш во годината, до Сенатот и основачот, да поднесува извештај за работата на Универзитетот.

Ако Сенатот или Управниот Одбор не го прифати извештајот се отвора постапка за разрешување на ректорот на Универзитетот.

Универзитетскиот сенат одлучува на ист начин како и при неговиот избор.

**Член 49**

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и статутарноста на работата на факултетите во неговиот состав, во рамките на правата и обврските преземени со овој Статут.

Ректорот има право и должност да го запре извршувањето на акт на органите на Универзитетот и факултетите во неговиот состав, за кој смета дека е спротивен на законот, на овој Статут, на општ акт или одлука на Универзитетот. Во случај на спор одлучува Управниот одбор.

Запирањето на извршувањето трае до донесувањето конечна одлука од надлежен орган утврден со закон. За таквата одлука, Ректорот е должен да го информира Управниот одбор.

**Член 50**

За вршење на дел од своите права и обврски ректорот може да овластува одделни проректори.

**Член 51**

Ректорот на Универзитетот, по потреба, може да ги повикува деканите, продеканите и одговорните лица на стручните органи, заради разгледување прашања од интерес на факултетите или на Универзитетот во целина.

*4. Ректорска управа*

*4.1.Состав*

**Член 52**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите и претставник на студентите.

Во работата на Ректорската управа може да учествуваат членови на Управниот одбор и Генералниот Секретар.

Со Ректорската управа раководи ректорот.

*4.2.Надлежност*

**Член 53**

Ректорската управа, во рамките на својата надлежност:

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот;
- ги предлага студиските програми на факултетите во неговиот состав;
- ги предлага студиските и предметните програми за интердисциплинарните и мултидисциплинарните студии од прв, втор и трет циклус што непосредно ги организира Универзитетот;
- одлучува за интердисциплинарните и мултидисциплинарните научно-истражувачки проекти, по претходна согласност на Управниот одбор;
- во согласност со Управен одбор, ~~му предлага~~ на Сенатот кандидат за генерален секретар на Универзитетот;
- избира кандидати за Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање;
- предлага организирање на меѓународна соработка на Универзитетот;
- го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование;
- ги објавува сите студиски програми и општите услови за запишување и студирање, пред објавувањето на конкурсот;
- формира комисија за издавачката дејност на Универзитетот;
- ги усогласува посебните и заедничките интереси од значење за организирање на наставно-образовната, научноистражувачката и уметничката дејност;
- се грижи за остварување на Програмата за високообразовна дејност во Република Македонија;
- се грижи за развојот на научноистражувачката дејност на Универзитетот;
- донесува поблиски одредби за употребата на обележјата на Универзитетот;
- предлага изработка на правилник за одземање на стекнати дипломи на Универзитетот;
- зазема ставови и донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на факултетите, што се однесуваат на високообразовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката дејност;
- донесува поблиски одредби за организацијата и одржувањето на единствениот информативен систем на Универзитетот;
- донесува поблиски одредби со кои се утврдуваат основите на единствениот библиотечно-информативен систем;
- предлага доделување титула почесен доктор на науки на Универзитетот;
- предлага издавање јавни гласила на Универзитетот;
- врши и други работи определени со закон, со овој Статут, со актите на Универзитетот.

Ректорот има право да стави вето на одлука на Ректорската управа кога смета дека таа не е во согласност со Законот и не е во интерес на Универзитетот. Предлог-одлука по спорното прашање донесува ректорот, и за тоа го известува Управниот одбор. Одлуката на Управниот одбор е конечна.

*4.3.Начин на работа*

**Член 54**

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Седниците на Ректорската управа се јавни.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други случаи.

**Член 55**

Членот од Ректорската управа има право и должност да присуствува на седниците на Управата и да учествува во нејзината работа.

Членот на Управата кој е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа, должен е за тоа благовремено да извести.

Членот на Ректорската управа кој е спречен да присуствува на седницата може да овласти лице кое ќе го заменува на седницата.

Членот на Ректорската управа може да присуствува и на седниците на другите работни тела и комисии, како и да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 56**

Членот на Ректорската управа има право и должност да поднесува предлог-одлуки и други акти кои ги донесува Управата, да учествува во претресот на предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата на Управата.

**Член 57**

Членот на Ректорската управа има право да гласа.

**Член 58**

Членот на Управата е должен активно да ја врши својата функција и да се придржува кон пропишаниот ред на седницата на Ректорската управа.

**Член 59**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа, раководи со нивната работа и се грижи за нивниот тек.

Во негова отсутност, седницата на Управата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, овластен од ректорот.

**Член 60**

Ректорот на Универзитетот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива, или на барање од Управниот одбор од еден факултет на Универзитетот или член на ректорската управа.

**Член 61**

Ректорската управа, на своите седници, донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења, со одобрение на Управниот одбор.

**Член 62**

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Ректорската управа.

**Член 63**

Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да соопшти каква одлука е донесена. Прифатената формулација на одлуката се внесува во записник.

**Член 64**

Одлуките донесени на седница на Ректорската управа ги потпишува Ректорот, а ги одобрува Управниот одбор.

*4.4.Стручни служби*

**Член 65**

За вршење на стручни и стручноадминистративните работи, Универзитетот формира Стручна служба. Како стручно-административни и помошни работи во смисла на претходниот член се сметаат персоналните работи, работите на книговодството, евиденцијата и статистиката, работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите од правно-стручна природа, работите на Компјутерската мрежа, на Информативниот и на Библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, административните работи (примање и испраќање на поштата, деловен протокол, архивски и слични работи), општите работи, работите на чувањето на објектот, одржувањето и чувањето на просториите, како и други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

**Член 66**

Со работата на Стручната служба раководи генералниот секретар на Универзитетот.

**Член 67**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите на Стручната служба и за раководителот на Стручната служба се утврдуваат со актите за организација и систематизација на работните места и со опис и попис на работите и работните задачи на вработените во Стручната служба, што ги донесува Ректорската управа.

## VIII. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

Органи на Факултетите кои се во состав на **Универзитетот** се:

**1. Наставно-научен совет;**
**2. Декан**
**3. Деканска управа.**

*1. Наставно-научен совет*

**Член 68**

Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетите кои се во состав на **Универзитетот**.

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите на секој факултет поодделно.

Во Наставно-научниот совет по еден свој претставник од насока, избираат соработниците со мандат од две години и студентите на **Универзитетот** со мандат од една година.

Бројот на претставниците од редот на студентите не може да биде помал од 10% од вкупниот број членови на наставно-научниот совет.

*1.1.Надлежност на Наставно-научниот совет*

**Член 69**

Наставно-научниот совет, како стручен орган на факултетите на Сенатот му:

- предлага четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
- му предлага програма за научноистражувачка дејност;
- му предлага студиски програми и предметни програми;
- врши избор во наставно-научни и наставно-стручни звања и му ги предлага на потврдување на Сенатот;
- формира рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во наставно-научни звања;
- му предлага постапка за воведување на последипломски и докторски студии;
- му предлага унапредување на наставната, научноистражувачката и применувачката дејност;
- му го предлага бројот на студенти за запишување во прва година на додипломските, последипломските и докторските студии;
- му предлага преземање на мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
- му предлага избор и разрешување на членови на Комисијата за евалуација на **ЕУ-РМ** и членови на подкомисиите за евалуација на катедрите;
- му предлага донесување Упатство за евалуација на **ЕУ-РМ**;
- му предлага формирање повремени или постојани комисии и други работни тела за одделни прашања од својата надлежност;

- му предлага организирање на домашни и меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
- му предлага одобрување на наставно-научни и за стручни престои во странство;
- му предлага унапредување на библиотеката, библиотечно-информацискиот систем и на остварувањето на библиотечно-информацискиата и документацискиата дејност, како и на компјутерската мрежа;
- му предлага донесување општи акти;
- му предлага избор и разрешување на декан и продекани;
- преглага избор и разрешува раководители на катедри на предлог на колегиумите на катедрите;
- му предлага донесување одлука за потреба за вработување наставно-научни работници и соработници и распишување конкурс за избор во наставно-научни и научни звања;
- му предлага донесување одлука за формирање на организациони единици во седиштето и надвор од седиштето на **ЕУ-РМ**.

Наставно-научниот совет врши и други работи утврдени со Закон и со општи акти на **Универзитетот**.

*1.2.Одлучување на Наставно-научниот совет*

**Член 70**

Наставно-научниот совет одлучува полноважно, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

При изборот во наставно-научни звања не учествуваат асистентите, помладите асистенти и студентите.

Наставно-научниот совет, со одобрение на **Сенатот** може да врши избор во наставно-научни и во научни звања, доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број од редовните професори, вонредните професори и доцентите, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од вкупниот број од редовните професори, вонредните професори и доцентите. Изборот го потврдува Управниот одбор.

Одлуките донесени од страна на Наставно - научниот совет се извршни после добиената согласност од страна на Управниот одбор.

На седниците на Наставно-научниот совет можат да учествуваат со право на глас и членовите на **Управниот одбор, Ректорот и Проректорите**.

**Член 71**

Седниците на Наставно-научниот совет ги подготвува, свикува и раководи **Деканот**, а во случај на отсуство и спреченост на **Деканот**, еден од **Продеканите**.

**Деканот** свикува седница на Наставно-научниот совет по сопствена иницијатива или по иницијатива на **Ректорот**.

**Деканот** е должен да свика седница на Наставно-научниот совет на барање од: Управниот одбор, **Ректорот** или одлука на **Сенатот** или на 1/3 од членовите на Наставно-научниот совет или на 2 (два) катедри.

Ако **Деканот** не закаже седница по барање на субјектите од претходниот став во рок од 3 (три) дена, седницата е овластен да ја свика претставник на иницијаторот, а со седницата ќе раководи најстариот професор.

Седницата на Наставно-научниот совет се закажува најмалку 3 (три) дена пред одржувањето, а материјалите по точките на дневниот ред им се доставуваат на членовите и на другите учесници најмалку два дена пред одржувањето на седницата.

По прашањата од интерес на определена катедра, заседава и прифаќа став Колегиумот на катедрите со кого се запознава Наставно-научниот совет пред да започне расправата по тоа прашање.

Дневниот ред на седницата на Наставно-научниот совет се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 72**

Текот на седницата на Наставно-научниот совет, прифатените ставови и донесените одлуки се регистрираат во Записник.

**Деканот**, односно претседавачот на седницата ги формулира одлуките и заклучоците пред да се пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницата на Наставно-научниот совет се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница и го потпишува **Деканот**, односно претседавачот на седницата.

**Член 73**

Наставно-научниот совет по правило прифаќа одлуки со јавно гласање, доколку со овој статут не е предвидено тајно гласање или претходно не се заклучи да се спроведе тајно гласање.

*2. Декан на факултет на Универзитетот*

**Член 74**

**Деканот** е раководен орган на матичниот факултет на кој е избран, овластен да го застапува и претставува факултетот како организациона единица на **Универзитетот** во земјата и странство, од областа на образованието, со согласност на Управниот одбор.

На **Деканот** во вршење на својата работа му помага еден или двајца **Продекани.**

Вршењето на должноста декан и продекан е неспојливо со вршење на државна функција или функција во политичка партија.

*2.1. Надлежности на деканот*

**Член 75**

**Деканот** во рамките на вршењето на раководната функција:

- ги извршува одлуките и заклучоците на **Управниот одбор, Ректорот, Сенатот и Наставно-научниот совет;**

- се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност;
- ги свикува седниците на Наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
- на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки, општи акти и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- предлага распишување конкурс за избор на лица во наставно-научни звања на начини и според условите определени со овој статут;
- ги промовира дипломираните студенти и предлага доделување признанија;
- иницира соработка со сродни установи во земјата и странство, по предходна согласност од Управниот одбор;
- врши и други задачи согласно со Законот, статутот и општите акти на **Универзитетот;**

**Деканот** е должен најмалку еднаш во годината до **Наставно-научниот совет, Ректорот** и до **Управниот одбор** да поднесува извештај за својата работа.

**Деканот** е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на Наставно-научниот совет и има право и должност да го запре извршувањето на општ акт за кој смета дека е спротивен на Законите и Статутот на **Универзитетот и одлуките на Управниот одбор.** Запирањето на општиот акт и одлуката престанува, доколку **Деканот**, во рок од еден месец од денот на неговото запирање, не поведе постапка пред Уставниот суд на **Република Македонија** за оценување на неговата уставност и Законитост.

За вршење на дел од своите права и обврски **Деканот** ги овластува продеканите.

*2.2. Избор и разрешување на декан*

**Член 76**

**Деканот** се избира од редот на редовните и вонредните професори, а доколку нема пријавени кандидати, и од редот на доцентите, за време од четири години, со право на уште еден избор.

**Член 77**

Наставно-научниот совет со јавно гласање предлага избор на декан.

Право да предлага кандидат за декан има и **Управниот одбор**.

За предлагање кандидат за избор на декан Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број на членови.

Деканот се именува од страна на ректорот, по претходно добиена согласност од Управниот одбор.

Кандидатот кој не е именуван може да поднесе жалба до Сенатот.

Ако во определениот рок, единицата не предложи кандидати за декан, тогаш рекоторот, со согласност на Управниот одбор, назначува времен вршител на должност декан.

**Член 78**

За вршење на дел од правата и обврските **Деканот** може да ги овласти продеканите.

**Продеканите** се избираат од редот на професорите и доцентите во иста постапка која се применува за избор на декан.

**Член 79**

Функцијата на декан и продекан може да престане и пред истекот на мандатот со оставка и со разрешување од надлежниот орган.

Предлог за разрешување на декан, односно продекан на факултет кој е во состав на **Универзитетот** може да поднесе и **Управниот одбор** поради незаконско или несовесно извршување на задачите што произлегуваат од фунцијата.

За разрешувањето одлучува Сенатот на Универзитетот со минимум гласови со кој се врши изборот.

*3. Деканска управа*

*3.1. Состав*

**Член 80**

Деканската управа ја сочинуваат **Деканот**, **Продеканите**, раководителите на катедрите и два претставници на студентите.

Деканската управа може да брои најмногу 11 члена.

*3.2. Надлежност*

**Член 81**

Деканската управа, во рамките на својата надлежност:

- ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и **Деканот**;
- одлучува за рационално вршење на дејноста на факултетот кој е во состав на **Универзитетот**;
- одлучува за издавачката дејност на факултетот кој е во состав на **Универзитетот,** за прашања кои се од стручен карактер;
- ги предлага другите општи акти;
- му предлага на **Деканот** мерки за унапредување на дејноста на факултетот кој е во состав на **Универзитетот**;
- формира постојани и повремени работни тела за работите од своја надлежност;
- врши и други работи определени со овој Статут или за кои ќе биде овластена од **Деканот**.

**Член 82**

Деканатската управа работи на седници.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава **Деканот**.

Деканатската управа може да работи доколку се присутни повеќе од половината од вкупниот број на членови.

Одлуките се донесуваат доколку за нив гласале повеќе од половина од присутните членови на Деканатската управа.

**Член 83**

Управниот одбор и **Ректорот**, имаат право да стават вето на одлука на Деканатската управа кога смета дека е спротивна на законот, овој статут, интересот на Универзитетот и друг акт на **Универзитетот**.

## IX. ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ на Прв приватен универзитет - ЕУ-РМ

**Член 84**

Внатрешни организациони единици на **ЕУ-РМ Универзитет** се:

- катедрите во состав на факултетите и
- депанданси - одделенија кои со одлука на **Управниот одбор** ќе се отворат - организираат на територијата на РМ и во странство, во согласност со Законот за високо образование како и пропишаните нормативи и стандарди кои важат за високото образование. Овие депанданси - одделенија можат да имаат и своја потсметка со која ќе раководи раководно лице назначено од **Управниот одбор**. За регуларноста на работата на овие одделенија ќе се грижи **Ректорот**, **Деканот** на матичниот факултет кој ќе работи во дисперзираниот простор и **Управниот одбор**. Во случај на потешки повреди на Законот од страна на депандансите - одделенијата, секое одделение самостојно ќе одговара, т.е. ќе одговара одговорното лице назначено од страна на **Управниот одбор** за тоа одделение, како и Ректорот.

По укажана потреба, во постапка утврдена со Закон и овој статут можат да се формираат и други организациони единици, по предходно одобрение од **Управниот одбор**.

**Член 85**

Работата на катедрите се регулира со правилник што го донесува Универзитетскиот Сенат.

**Член 86**

Наставата на високообразовната дејност се изведува на македонски јазик.

Припадниците на заедниците заради изразување, негување и развивање на својот идентитет и другите особености, имаат право наставата по соодветни студиски програми да ја изведуваат на јазикот на заедницата (член 103 од Законот за високо образование), или на светските јазици.

Кога наставата се изведува на јазикот на припадниците на заедниците или на било кој светски странски јазик, македонскиот јазик се изучува како посебен

наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети.

## X. ФИНАНСИСКИ И СТРУЧНО-АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ НА Универзитетот

**Член 87**

Финансиските и стручно-административните работи за **Универзитетот** ги извршува Секретаријатот.

Со Секретаријатот раководи **Генералниот Директор** на **Универзитетот**.

Определени задачи од својот делокруг **Генералниот Директор** пренесува на замениците директори и на раководителите на секторите.

**Член 88**

Поблиски одредби за организација и извршување на задачите на Секретаријатот на **Универзитетот** се содржани во Правилникот за организација и работа на Секретаријатот, кој го донесува Управниот одбор.

## XI. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

***1. Видови студии***

**Член 89**

На **Универзитетот** се остваруваат студии од прв, втор и трет циклус.

На **Универзитетот** може да се остварува и концептот на Доживотно учење,односно студии за надградување, продлабочување или проширување на одделни знаења.

Одлука за студиите од претходниот став на овој член донесува Сенатот.

**Член 90**

Студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус содржат задолжителни и изборни наставни предмети.

Задолжителните предмети се од соодветната област на единицата на Универзитетот, при што нивното учество во вкупниот број наставни предмети не надминува половина (50%).

Остатокот од студиската програма го сочинуваат изборните наставни предмети, кои што студентите самостојно ги избираат од редот на понудената поширока листа изборни предмети.

**Член 91**

10% од задолжителните предмети и 10% од изборните предмети од секоја студиска година се изведуваат преку клиничка настава.

Под клиничка настава се подразбира изведување настава од истакнат стручњак од практиката на соодветната област, кој не може да изведува клиничка настава повеќе од три учебни години.

По истекот на трите учебни години, стручњакот од претходниот став може повторно да се ангажира доколку претходно три години не изведува клиничка настава.

Начинот и условите за изведување клиничка настава се уредуваат со правилник.

*2. Јазик на кој се изведува наставата*

**Член 92**

Наставата на **Универзитетот** се изведува на македонски јазик.

Наставата на **Универзитетот** може да се изведува и на други јазици доколку за тоа постои економска оправданост како и на некој од светските јазици со посебна одлука на **Управниот одбор**.

Наставата на **Универзитетот** се изведува на еден од светските јазици за одделни студиски програми за странски јазици, за делови на студиски погрфами во кои учествуваат наставници гости од странство.

На предлог на **Управниот одбор** Сенатот може да одлучи наставата да се изведува паралелно и на еден од странските јазици за програма за која наставата се изведува на македонски јазик.

**Член 93**

Начинот и условите за изведување на наставата се определуваат со одлука на Ректорската управа.

*3.* **Прв циклус на универзитетски студии**

*3.1. Студиски и предметни програми*

**Член 94**

Првиот циклус на универзитетски студии се остваруваат врз основа на студиските програми изработени според правилата на Европскиот систем за трансфер на кредити (ЕКТС).

**Член 95**

Студиските програми за првиот циклус на универзитетски студии на предлог на Наставно-научниот совет од факултетите на **Универзитетот** ги донесува Сенатот на **Универзитетот**, кои се анекс на Статутот.

Со анексот од предходниот став на овој член се утврдуваат условите за запишување; описот на профилот; стручниот назив, академското, стручно односно научно звање; траењето на студиите; списокот на задолжителните, изборните и факултативните наставни предмети, неделниот фонд на часови; распоред на наставните предмети според кредит системот; условите за запишување нови наставни предмети во друг семестер односно од повисока година на студиите; начинот, облиците, моделите и техниките на наставата (предавања, вежби, семинари и слично).

**Член 96**

Посетувањето и активното следење на наставата преку различни облици, модели и техники на наставата е обврска за редовниот студент и е услов за остварувањето на потребниот број на кредити за наставни предмети и за проверка на знаењето на студентот.

*3.2. Студиски програми за нови профили на стручни кадри*

**Член 97**

**Универзитетот** може, со усвојување нови студиски програми, да организира нови додипломски студии за нови профили на стручни кадри, под услови, начин и постапка утврдени со Законот за високото образование.

*3.2.1. Објавување на студиските и предметните програми*

**Член 98**

**Универзитетот** е должен да ги објави студиските и предметните програми во јавното гласило на **Универзитетот** и на Интернет страницата на **Универзитетот**.

*3.2.2. Режим на студии*

**Член 99**

Студентот е должен да ги заврши студиите според студиската програма по која ги започнал, во рок од 6 (шест) години од денот на отпочнување на студиите.

Доколку студентот ги исполни условите за предвремено полагање со исполнување на Законските норми за тоа студиите можат да траат и пократко од предвидениот рок наведен во став 1 на овој член., во согласност со член 150 став 2 точка 1 од ЗВО.

Со одлука на Ректорот, студиите можат да траат и пократко, но не пократко од најкусиот рок на траење на прв циклус на универзитетски студии утврден со Законот за високо образование.

Во исклучителни случаи со посебно одобрение на **Ректорот** овие студии можат да траат и подолго од предвидениот рок.

**Член 100**

**Универзитетот** ги објавува сите студиски програми и општите услови за запишување и за студирање, пред објавување на конкурсот.

**Ректорот** е одговорен за навремено објавување на студиските програми и општите услови за запишување за студирање.

### *3.3. Услови и начин за запишување на студии*

#### *3.3.1. Запишување на прв циклус на универзитетски студии*

**Член 101**

На прв циклус на универзитетски студии на **Универзитетот** може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура и ги исполнува условите и критериумите утврдени со Конкурсот за запишување.

Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус универзитетски студии во првиот уписен рок не се јави доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од ставот 1 на овој член, право на упис на прв циклус студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

На прв циклус универзитетски студии од областа на уметностите може да се запише лице кое положило државна матура, меѓународна матура или училишна матура во уметничко образование.

По исклучок, под услови утврдени со Конкурс можат да се запишат и лица без претходно завршено соодветно образование, ако станува збор за исклучително надарени лица за кои може да се очекува дека и без завршено претходно образование успешно ќе ги завршат студиите.

Средношколците кои завршиле средно образование пред воведување на матура, можат да се запишат со завршено средно образование.

Универзитетот одлучува кои наставни програми за средно образование се соодветни за упис на одделни академски и стручни студии.

### *3.4. Конкурс за запишување*

**Член 102**

Запишувањето на прв циклус на универзитетски студии се врши врз основа на Конкурс, во кој се содржани: бројот на студентите на одделни насоки, условите за запишување, условите и критериумите за избор на кандидатите, постапката за спроведување на конкурсот, како и роковите за пријавување, полагање и запишување на кандидатите.

Универзитетот ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за упис на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Конкурсот го распишува Ректорската управа, најмалку пет месеца пред започнувањето на наставата.

### *3.5. Редовни и вонредни студии*

**Член 103**

Првиот циклус на универзитетски студии се организираат како редовни.

Ако природата на студиите тоа го овозможува, со студиска програма може да се прилагоди организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите според можностите на студентите, односно студиите да се организираат како вонредни.

**Член 104**

Под услови утврдени со овој Статут, на студент запишан на прв циклус на универзитетски студии, по негово барање, може да му мируваат правата и обврските, најдолго за една година.

По барањето на студентот од став 1 на овој член, **Деканот** донесува решение за продолжување на статусот на студентот за времето колку што траеле околностите за мирување.

### *3.6. Траење, почеток, завршување и обем на првиот циклус на универзитетски студии*

**Член 105**

Првиот циклус на универзитетски студии траат најмалку 3 години, односно 6 семестри и со неговото завршување стекнуваат од 180 до 240 ЕКТС кредити.

Доколку студентот ги исполни условите за предвремено полагање со испонување на законските норми за тоа студиите можат да траат и пократко од предвидениот рок наведен во став 1 на овој член. Со одлука на **ректорот**, студиите можат да траат и пократко, но не пократко од најкусиот рок на траење на прв циклус на универзитетски студии утврден со Законот за високо образование.

Доколку првиот циклус на универзитетски студии од ставот 1 на овој член се организираат како студии за стручно образование траат 2 години.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член се стекнува со диплома со додавка на соодветната струка, ако со закон поинаку не е уредено.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на првиот циклус на студии е baccalaureus, односно baccalaurea.

Овие студии ги оспособуваат студентите за влез во вториот циклус на универзитетски студии и им се дава можност за вработување на одредени стручни работни места.

*3.7. Почеток и завршување на учебната година*

**Член 106**

Студиската година почнува на 15 септември, а завршува на 14 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Наставата во зимскиот семестар започнува на 1 октомври, а завршува на 25 декември година.

Наставата во летниот семестар започнува на 1 февруари, а завршува на 15 мај.

*3.8. Организација и временски распоред на првиот циклус на универзитетски студии*

**Член 107**

Наставната ангажираност на студентот во текот на учебната година изнесува вкупно 30 недели, по 15 недели секој семестар.

Обемот, организацијата и временскиот распоред на студиите ги определува Универзитетскиот Сенат.

*3.9. Начинот на проверка на знаењата*

**Член 108**

Проверката на знаењата на студентот, по наставните предмети, се врши континуирано во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени.

За исполнувањето на обврски за полгање на испитот (по делови или во целина) студенот може да оствари најмногу 100 поени.

Проверката на знаењата од одделни наставни предмети се врши на начините и во роковите утврдени со студиските програми и правилникот за проверка на знаењата на студентите.

*3.9.1. Завршно оценување*

**Член 109**

Завршното оценување се изразува со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

Завршното оценување го врши наставникот, односно комисија, при што како основа се земаат резултатите од континуираната проверка на знаењата остварена преку тестови, колоквиуми, есеи, работилници, семинари и други видови проверка на знаењата.

Завршното оценување до донесувањето на Правилникот за единствените правила за студирање на факултети ќе се врши во следните испитни рокови: септември, октомври, ноември, декември, февруари, март, април и јуни.

На негово барање, студент кој три пати покажал незадоволителен успех на завршното оценување може да полага пред трилена комисија составена од

наставници од исто или од сродно наставно-научно подрачје, што ја формира **Ректорот**.

Оценувањето се врши според стандардите и критериумите и роковите за оценување според ЕКТС.

### *3.9.2. Евиденција на оценувањето*

**Член 110**

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите.

### *3.10. Приговор поради оценка од проверката на знаењата*

**Член 111**

Студентот може, во рок од 24 часа, да поднесе приговор до **Ректорот**, а доколку не е задоволен со одлуката на **Ректорот** има право да поднесе жалба Управниот одбор на **Универзитетот**. Ваква жалба може да вложи само доколку не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот и овој Статут..

Доколку не е задоволен од одлуката на **Ректорот** истиот има право да поднесе жалба до Сенатот чија одлука е конечна.

Ако **Деканот** утврди дека е основан приговорот од став 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување.

Ако наставникот ја преиспита оценката што ја утврдил и стои зад истата оценка, студентот испитот ќе го поништи, и има право да полага пред трichлена комисија составена од наставници од исто или од сродно наставно-научно подрачје, во следните 24 часа, следниот работен ден. Комисијата ја формира **Деканот**.

Оценката на комисијата е конечна.

Во случај на утврдување на пристрасност или намера да се нанесе штета на студентот од страна на наставникот, против него ќе се преземат соодветни казнени мерки со можност на истиот да му се изрече и мерка престанок на работен однос и одземање на наставничко звање. Одлуката за тоа ја носи **Сенатот** чија одлука е конечна.

Одлуката од став 6 на овој член може да се оспорува по судски пат.

**Член 112**

На студентот, на негово барање му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставниот предмет од претходната и од тековната учебна година.

Кога на студентот ќе му се одобри барањето од став 1 на овој член, претходно добиената оценка на завршното оценување се поништува со решение на **Ректорот**.

*4. Втор циклус на универзитетски студии*

*4.1. Видови и траење на вториот циклус на универзитетски студии*

**Член 113**

Вториот циклус на универзитетски студии на Универзитетот се организираат како последипломски научни студии (магистерски студии) и последипломски стручни студии (специјалистички студии) од областите за кои е дадена акредитација.

Универзитетот може да организира заеднички втор циклус на универзитетски студии од сродни научни области со други факултети и универзитетот.

Академските универзитетски студии од вториот циклус траат една до две години и со нивното завршување стекнуваат од 60 до 120 ЕКТС кредити. Овие студии можат да траат и подолго доколку тоа е во согласност со меѓународно прифатените стандарди за даден профил.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на првиот и вториот циклус на универзитетските студии изнесува 300 ЕКТС кредити.

Лицето кое ги завршило студиите од ставот 1 на овој член со вкупно 300 ЕКТС кредити се стекнува со научен назив - магистер, или со друг назив на студиите од членот 106 на Законот за Високо Образование.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус на студии е master.

*4.2. Студиски и предметни програми и услови и начин на организирање на вториот циклус на универзитетски студии*

**Член 114**

Одлука за студиските и предметните програми, за должината на студиите, за бројот на наставните часови во текот на неделата, за начинот на кој е организирана наставата, за условите и постапката за организирање на втор циклус на универзитетски студии, за правилата за студирање, како и за други работи утврдени со Закон, донесува **Сенатот** со претходна препорака од Наставно-научниот совет на било кој факултет во состав на **Универзитетот.**

*4.3. Соодветна примена на одредбите за прв циклус на универзитетски студии*

**Член 115**

Одредбите на овој Статут што се однесуваат на донесувањето, утврдувањето, односно давањето согласност на студиските програми на катедрите и предметните програми, како и на оценувањето, преминот, правата и должностите на студентите од првиот циклус на универзитетски студии, стекнувањето односно одземањето на диплома за научниот степен магистер, односно за стручен степен специјалист, соодветно се применуваат и на студентите од вториот циклус на универзитетски студии.

*5. Стекнување научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии)*

*5.1. Области и начин на стекнување научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии)*

**Член 116**

На **Универзитетот** може да се стекне научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии), за областите за кои е дадена акредитација, преку:

- докторски студии и одбрана на докторска дисертација.

Докторските студии траат, по правило, три години и носат 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc) односно доктор по уметности (dr.art).

Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на вториот циклус на академски студии.

Универзитетот може да организира студии од трет циклус во траење помалку од три години, со кои се стекнува звањето специјалист по одредено подрачје (spec.). Називот специјалист т.е. неговата кратенка се додава на академскиот назив стекнат од вториот циклус на универзитетски студии.

*5.2. Услови и начин на организирање на докторски студии и за стекнување научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии)*

**Член 117**

Одлука за условите на организирање докторски студии и за стекнување научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии), како и за другите прашања утврдени со Закон, донесува **Сенатот** по препорака Наставно-научниот совет од било кој и да факултет кој е во состав на **Универзитетот**.

Одлуките донесени од страна на **Сенатот** се извршни.

**Член 118**

Бројот на кредитите и времетраењето на циклусите на студиите, називите на профилите или звањата кои се стекнуваат на секој циклус на студии кои се поврзани со вршење на регулирани професии на кои се однесуваат прописите на Европската унија, ќе се уредат со општите акти на единицата.

*6. Студии за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование*

*6.1. Студии за надградување и продлабочување на знаењата*

**Член 119**

Сенатот донесува одлука за студирање за надградување и продлабочување на знаењата, а начинот и условите за студирање поблиску се уредуваат со одлука која е анекс на овој Статут.

*6.2. Континуирано образование*

**Член 120**

Формите за стручно, односно професионално усовршување, односно доживотно учење и другите услови за нивното организирање, како и правата и обврските на лицата кои ги посетувале се уредуваат со правилник за доживотно учење.

*6.3. Далечинско учење*

**Член 121**

Ректорската управа и Сенатот на **Универзитетот** одлучува и за образование преку далечинско учење, а условите под кои може да се организира, како и условите под кои се издава соодветен документ, се утврдуваат со посебна одлука.

*7. Диплома за студиите и одземање диплома*

*7.1. Диплома и додаток на диплома*

**Член 122**

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование универзитетот врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома. Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за усовршување или само дел од студиска програма за стекнување на образование му се издава уверение, за завршениот дел од студиската програма која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

**Член 123**

Студентот кој завршил втор циклус на универзитетски студии и одбранил магистерски труд се стекнува со научен назив магистер од соодветната научна област (скратено: м-р).

**Член 124**

Студентот кој завршил последипломски специјалистички студии го стекнува стручниот назив- специјалист (спец) од соодветната научна област

**Член 125**

Лицето кое завршило докторски студии и одбранило докторска дисертација, како и лицето кое одбранило докторска дисертација го стекнува научниот назив доктор на соодветната научна област (скратено: д-р).

**Член 126**

На студентот кој завршил со просечна оцена најмалку 9,00 (девет), му се издава посебен документ за завршени студии со одличен успех.

**Член 127**

Дипломата ја потпишува **Деканот** на матичниот факултет и **Ректорот** на **Универзитетот**.

На дипломата се втиснува сувиот печат на **ЕУ-РМ Универзитеот**. Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат овластените лица на ЕУ-РМ кои организираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома.

*7.2. Одземање на диплома*

**Член 128**

На студент кој завршил додипломски и втор циклус на универзитетски студии или се здобил со научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии) може да му се одземе издадената диплома, ако се утврди дека не исполнувал услови за добивање статус на студент, дека се здобил со соодветно звање спротивно на условите за стекнување научно, односно стручно звање утврдени со овој Статут или дека сторил кривично дело поврзано со стекнување на дипломата.

Одземањето на дипломата се врши според Законот за високото образование и Правилникот на **Универзитетот** за условите и постапката за одземање на издадена диплома.

*7.3. Промоција за завршени студии*

**Член 129**

Промоција на лицата кои завршиле додипломски и втор циклус на универзитетски студии ја врши **Деканот** на матичниот факултет во присуство на **Ректорот** на **Универзитетот**, според постапка утврдена со одлука на **Сенатот** и на Наставно-научниот совет.

**Член 130**

Промоцијата и на лицата кои се здобиле со научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии - докторски студии) ја врши **Ректорот** на **Универзитетот**, според постапка утврдена со правилникот за организирање на постдипломски и докторски студии.

*8. Евиденција*

**Член 131**

ЕУРМ ја води следнава евиденција со лични податоци за студентите:
1) евиденција на пријавени за упис и запишани студенти;
2) личен картон кој се води за секој студент од започнување на студиите до завршување на студиите односно до отпишувањето;
3) записник за испитот со кој се евидентира пријавата кон испитот, текот на испитот и постигнатата оценка и
4) евиденција на издадени документи за завршени студии.

Евиденциите од ставот 1 точки 1, 2 и 4 на овој член опфаќаат: име и презиме на студентот (за студентките и моминското презиме), пол, датум, место и дата на раѓање, држава на раѓање, живеалиште или претстојувалиште, единствен матичен број на граѓанинот, државјанство, претходно стекнато образование, начин на студирање како и други податоци по посебни прописи. Евиденцијата од ставот 1 точка 2 на овој член опфаќа и податоци за положени испити, за напредувањето и завршувањето на студиите.

Евиденцијата од ставот 1 точка 3 на овој член опфаќа: име и презиме на студентот, (за студентките и моминското презиме), пол, единствен матичен број на граѓанинот, начин на студирање, година на студирање и студиска година на првиот упис, датум на испитот, податоци за тоа дали испитот го полага прв пат или го повторува, како и оценка добиена на испитот.

Одредбите во врска со водењето, употребата и чувањето на личните податоци од евиденциите по овој закон се користат и за документација, врз основ на која биле собрани личните податоци. Документите за претходното образование по завршената уписна постапка му се враќаат на студентот.

*8.1. Матична книга на запишаните студенти, главна книга на дипломираните студенти*

**Член 132**

На ЕУРМ се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент, во форма, содржина и на начин пропишани од министерот надлежен за работите на високото образование.

Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

*9. Издавање на јавни исправи*

**Член 133**

При запишувањето, **Универзитетот** им издава на студентите јавна исправа - индекс и студентска легитимација.

Во текот на студирањето им издава уверенија за положени испити, а по дипломирањето уверение и диплома за стекнување степен на образование, во форма и содржина според актот на министерот надлежен за работите на високото образование.

**Сенатот** по предлог на Наставно-научниот совет на факултетите кои се во состав на **Универзитетот** со одлука ја утврдува формата и содржината на дипломите, индексот и студентската легитимација.

Секој студент сам си ги сноси трошоците за издавање на документи и уверенија според ценовникот за овие услуги што ќе ги пропише ректроската управа со претходна согласност на **Управниот одбор.**

## XII. НАСТАВНО-НАУЧНИ И НАСТАВНИ ЗВАЊА ~~И СОРАБОТНИЦИ~~

### *1. Наставно-научни и наставни звања*

**Член 134**

На **Универзитетот** се врши избор во наставно-научни и наставно-стручни звања.

Наставно-научните звања се: доцент, вонреден професор и редовен професор.

Наставно-стручни звања се: лектор и виш лектор.

Високообразовната дејност на **Универзитетот** може да ја врши само лице избрано во наставно-научно звање, за време за кое е избрано.

Најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, односно соработничко звање, **Ректорот** распишува конкурс за избор во сите наставно-научни и соодветно соработничко звање.

Наставниците во наставно-научни звања се избираат во научни области утврдени со правилник на **Сенатот** која е анекс кон овој Статут.

### *3. Критериуми за избор во наставно-научни, наставно-стручни ~~и соработници~~*

**Член 135**

Наставниците во наставно-научни и наставно-стручни звања се избираат според критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, и наставно-стручни, утврдени со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни звања на **Универзитетот**, кој е анекс на овој Статут.

За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен доктор на науки (трет циклус на универзитетски студии), кое има соодветно високо образование, признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста, во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.

**Член 136**

Изборот на кандидатите во наставно-научни, научни, и наставни звања го врши наставно-научниот совет врз основа на оценката во рефератот на рецензиона комисија, која ја формира по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

Рецензионата комисија ја формира наставно-научниот совет и се состои од најмалку три члена од ЕУРМ и од други високообразовни и научни установи кои вршат високообразовна дејност во согласност со овој закон.

Повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови се од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето за кое се избира кандидатот. Врз принципот на реципроцитет член на рецензиона комисија, под услови определени со член 132 од Законот за Високо Образование за членови на рецензиона комисија, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која ЕУРМ има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

За сите јавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма. Рефератот на рецензионата комисија содржи оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите, што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање. ЕУРМ го објавува рефератот на рецензионата комисија во соодветниот билтен на универзитетот и на веб -страницата на универзитетот, најмалку 15 дена пред денот на изборот.

Ако наставно-научниот совет, односно наставно-уметничкиот совет не избере предложен кандидат, конкурсот се повторува.

Постапката за избор во наставно-научни, и научни звања поблиску се уредува со правилник на ЕУРМ.

*4. Засновање работен однос*

**Член 137**

Изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено време.

Со извршениот избор во наставно-научно звање, избраното лице засновува работен однос за време на кое е избрано.

Редовните професори избрани во тоа звање засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор доживотно.

*5. Право на вршење дејност во друга високообразовна установа*

**Член 138**

Лице избрано во наставно-научно или соработничко звање може да врши високообразовна дејност во друга високообразовна установа во звањето во кое е

избрано на иста или на сродна наставно-научна област, со одлука на Ректорот врз основа на предлог од Наставно-научниот совет од матичниот факултет. Согласност на одлуката дава **Управниот Одбор** на универзитетот.

***6. Услови под кои се остварува правото на вршење дејност во друга високообразовна установа***

**Член 139**

Сенатот на предлог на наставно-научниот совет, со одлука одобрена од **Управниот одбор**, може да утврди посебни услови за вршење дејност во друга високообразовна установа.

Доколку **Управниот одбор** не издаде одобрение за ангажирање на професор од редовите на **Универзитетот**, а истиот без одобрение ќе дава услуги на други високообразовни и други институции на истиот ќе му престане работниот однос.

Истото ова важи и доколку одредено лице кое се пријавило на конкурс за вработување и биде избрано во наставничко звање и истото не го започне работниот однос во периодот утврден со решението му се одзема (поништува) даденото наставничко звање.

Ваквите случаи се објавуваат во Билтенот на **Универзитетот**.

Постапката за вакви и слични ситуации со посебен правилник ќе биде утврдена од Сенатот на **Универзитетот**.

***7. Визитинг професори, почесен професор, почесен доктор на науки и професор емеритус***

**Член 140**

На покана од **Сенатот** по предлог на Наставно-научниот совет од матичните факултети, професори, признати научници, специјалисти и стручњаци од одредени области од земјата и странство можат, како гости, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка дејност за одредено време.

За вршење на дејноста од ставот 1 на овој член потребно е гостинот:

- да стекнал VIII-ми степен на образование;

- За специјалисти и признати стучњаци од одредени области може да се ангажираат и со понизок степен на образование (истите не можат да вршат оценување туку само да помогнат во процесот на образованието со пренесување на нивни искуства и знаења)

- да има рецензија;

- да е избран во научно звање.

На истакнат професор од универзитет во Република Македонија и странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на ректорската управа, универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и странство, кои со своите дела дале пособен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонеле за развојот на високото образовние,

на предлог на ректорската управа, универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен подмладок во област во која е избран. Вкупниот број на професор емеритус не може да биде поголем од 5% од вкупниот број на наставници на универзитетот.

Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

**Член 141**

По покана на Управниот одбор на ЕУРМ, професори од акредитирани високо-образовни установи, пензионирани професори од првите 100 универзитети рангирани на последната објавена листа на Институтот за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високо-образовна и научно-истражување дејност за определено време.

Начинот, времето и условите под кои се врши дејноста од претходниот став се уредуваат со правилник.

## *8. Афирмирани научници, стручњаци од практиката*

**Член 142**

Афирмирани научници, стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите за избор во звање, утврдено со Закон, како специјалисти и експерти, на покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со одлука на **Сенатот** .

## *9. Платено и неплатено отсуство и сабатна година*

**Член 143**

На лице избрано во наставно-научно, научно и соработничко звање, на секои пет години, **Универзитетот** може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години, заради стручно, односно за научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна или научна установа со статус во наставно-научно или научноистражувачко звање. Одлука за ваков вид на отсуство носи исклучиво **Управниот Одбор** по предлог на **Ректорот, Деканот** или **Директорот.**

Лице избрано во наставно-научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеца, при што педагошката обврска му се прераспоредува, но не смее да се зголеми за повеќе од една третина.

Условите, начинот и постапката за користење на ова право се уредуваат со Правилник на кој согласност дава **Управниот одбор**.

### *10. Престанок на работен однос*

**Член 144**

На лице избрано во наставно-научно или наставно звање, работниот однос може да му престане по основите кои ги предвидува Законот за работните односи (согласно член 62.)

Работникот може да го откаже Договорот за вработување, ако писмено изјави дека сака да го откаже Договорот за вработување.

Работникот кој има намера еднострано да го раскине работниот однос со работодавецот, може да поднесе барање за престанок на работниот однос, пришто барањето може да се однесува само на наредната академска година, т.е работникот не може да бара да му престане работниот однос во текот на академската година. Во спротивно, работникот ќе биде должен да ја надомести штетата предизвикана со ангажирање на нов работник (наставник, лектор,асистент, помлад асистент или соработник) на работното место на кое бил вработен работникот кој бара престанок на работниот однос, во висина на вкупните средства за друго лице што ќе го ангажира работодавецот заради извршување на неговите работни задачи со вкалкулирани обврски за намирување на даноци и други давачки кон државата до периодот додека не ги заврши во целост работните задачи, кои треба да ги изврши работникот на кој му престанал работниот однос.

Барањето за престанок на работниот однос, односно за еднострано раскинување на работниот однос за наредната академска година, работникот може да го достави, а работодавецот е должен да го спроведе престанокот на работниот однос, доколку истото биде упатено до работодавецот најдоцна до 10 јануари во тековната академска година.

Од моментот на поднесување на барањето за престанок на работниот однос, па се до престанокот на работниот однос, работникот е должен да ги извршува сите работни задачи и обврски согласно Договорот за вработување, кои се предвидени со наставната програма и тоа до крајот на тековната академска година, т.е работниот однос му престанува на 30 јуни. На работникот на кој му престанал работниот однос заклучно со 30 јуни должен е да ја спроведе испитната сесија во месец септември за сите предмети кои што ги држел на матичниот факултет со хонорарен надоместок во висина на надоместоците клои ги примал вработениот за спроведување на испити за секој поединечен испитен студент.

На лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, кое во текот на учебната година наполнило 65 години старост, работниот однос му трае до крајот на учебната година.

Редовен професор во пензија има право да изведува студии од трет циклус или да работи на научно-истражувачки проект и има други права како член на академската заедница, под услови утврдени со Законот за високото образование.

*11. Услови за изведување на високообразовна и научноистражувачка дејност од редовен професор во пензија*

**Член 145**

За учеството на редовен професор во пензија во наставата на студии од трет циклус, односно во научно-истражувачки проект и други права како член на академската заедница на предлог од Наставно-научниот совет одлучува Ректорот. Одобрение на одлуката дава **Управниот одбор**.

## XIII. СОРАБОТНИЦИ

*1. Соработници*

*1.1. Услови за избор на соработници*

**Член 146**

На **Универзитетот**, од редот на студентите на студии од трет циклус, преку јавен конкурс, може да се избираат соработници за потребите на наставно-образовниот процес.

Бројот на соработниците на предлог од Сенатот го одобрува Управниот одбор.

*Начин на избор на соработници*

**Член 147**

Соработниците можат да се избираат секоја учебна година.

Предлог за избирање на соработник дава предметниот наставник.

Наставно-научниот совет се изјаснува по предлогот, и евентуално – го избира соработникот.

*1.2. Учество во наставно-образовниот процес*

**Член 148**

Соработниците учествуваат во наставно-образовниот процес во обем определен со студиската програма.

**Деканот** на матичен факултет од редот на **Универзитетот** и соработникот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

## XIV. СТУДЕНТИ

*1. Финансирање на студиите*

**Член 149**

По извршениот прием, кандидатите склучуваат договор за студирање со **Универзитетот.**

Со договорот за студирање се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу **Универзитетот** и студентот, висината на школарината и условите за студирање.

**Член 150**

Студирањето е со лично финансирање.

Личното финансирање се однесува на уплата за:

- годишна школарина;
- издавање на индекс
- пријава на испит;
- комисиско оценување кое е по барање на студентот
- преполагање на испит кое е по барање на студентот
- одбрана на проектна задача од одржан семинар;
- одбрана на семинарска работа;
- набавка на работна униформа
- логорување
- превоз за логоворување во два правци
- активности кои се врзани со процесот на образованието (изнајмување на опрема за гаѓање, куршуми за гаѓање и слично)
- посета на работен семинар по избор на студентот
- одбрана на дипломска работа

Студентот ги сноси и материјалните трошоци за издавање на разни уверенија и потврди, како и за издавање диплома за завршени студии според ценовникот на Европскиот Универзитет.

Износот на уплатите за лично финансирање и износот на материјалните трошоци се регулираат со договорот за студирање и Правилникот за надомест на висината на трошоците за давање разни услуги на **Универзитетот** кој претставува составен дел на договорот за студирање склучен со секој студент поединечно.

Странските државјани, без примена на начелото на взаемност, можат да се образуваат на ЕУРМ, под услови поблиску утврдени со правилник.

**Член 151**

Износот на годишната школарина студентот е должен да го уплати при уписот на следниот начин:

1. При поднесување на документи за упис плаќа 25% од вредноста на школарината и истите се депозит
2. По објавувањето на конечните резултати по истекот на 3 работни дена студентот е обврзан да го плати остатокот од 75% од школарината плус останатите средства кои се однесуваат на индекс, електронска картичка, униформа, студентска организација, осигурување и сл.
3. Доколку студентот не ги уплати дополнителните средства наведени во точка 2 од овој член се смета дека истиот се откажал од студирање и депозитот уплатен при апликацијата за упис при склучување на договорот за студирање на кандидатот му пропаѓа т.е. не му се враќа,

а уплатениот износ претставува надомест на штета што на Европскиот Универзиет му се нанесува со откажувањето.

Износот на годишната школарина утврден со договорот за студирање е загарантиран до завршување на студиите.

Износот на годишната школарина за наредната академска година, студентот е должен да го уплати најдоцна до 15 јули пред почетокот на академската година.

Доколку студентот не го уплати износот на годишната школарина во рокот предвиден во претходниот став од овој член студентот е должен да уплати казна во висина од 20% од школарината, во спротивно му престанува статусот студент на **Универзитетот**, без право да му бидат вратени предходните уплати, и да бара било каква и да е надомест на штета од **Универзитетот** од последиците од губење на статус на студент на овој Универзитет.

Доколку студентот кој закаснил со уплата и заедно со казната во висина од 20% го уплати целокупниот износ најдоцна до 15 август се смета дека студентот во целост си ги измирил своите обврски.

Доколку студентот изврши уплата на средствата со казната после 15 август истиот ќе биде испишан а средствата кои ги уплатил по наведениот рок ќе му бидат вратени.

**Член 152**

Доколку студентот не ги положи сите испити утврдени со наставната програма за академската година, заклучно со Септември, најдоцна до 15 Октомври е должен да плати дополнителен надоместок кој изнесува:

- за 1 (еден) неположен испит 10% од износот на годишната школарина;
- за 2 (два) неположени испити 20% од износот на годишната школарина;
- за 3 (три) и повеќе неположени испити 30% од износот на годишната школарина.
- Претходните ставови важат до воведување на ЕКТС (единствен кредит трансфер систем) за што сите студенти ќе бидат претходно дополнително писмено известени.

Доколку студентот не го уплати дополнителниот надоместок во рокот предвиден во став 1 од овој член, му престанува статусот студент на **Универзитетот**, без право да му бидат вратени предходните уплати.

Доколку и по уплатата на дополнителниот надоместок студентот не ја ликвидира годината во рок од 1 (една) година заклучно со 15 ноември, должен е за секоја наредна година, до целосно расчистување на предметите од предходната година да уплаќа по 50% од износот на годишната школарина за заостанатата студиска година.

Доколку студентот не го уплати дополнителниот надоместок од став 3 на овој член, му престанува статусот студент на **Универзитетот**, без право да му бидат вратени предходните уплати.

*2. Статус на студент*

**Член 153**

Статус на студент, а со тоа и член на академската заедница, се стекнува со запишувањето со запишувањето на прв, втор или трет циклус на студии на **Универзитетот.**

Статусот на студент се докажува со индекс и со студентска легитимација.

*3. Права и обврски на студентот*

**Член 154**

Студентот има право на:

- редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;
- запишување и образование под еднакви услови утврдени со Закон, со општите акти на **Универзитетот** и со овој Статут;
- учество во управувањето со **Универзитетот**, согласно со Закон и со овој Статут;
- заштита на своите права и должности пред органите на **Универзитетот**;
- заштита на личноста и достоинството на студентот од злоупотреба.

Студентот има право и:

- да се определи за видот на студиите;
- да студира истовремено на два катедри од различни специјалности и да изучува дополнителни курсеви;
- да ги продолжи студиите на друга високо-образовна установа ако **Универзитетот** престане со работа или ако студентот се испише од **Универзитетот**;
- да ги користи библиотеката и базата на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на **Универзитетот**;
- да учествува во научноистражувачката и стручната дејност, при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
- да избира и да биде избран, како преставник на студентите во органите на **Универзитетот**;
- да користи услуги на студенскиот стандард со сопствен надомест (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз, според условите утврдени со Закон и од вршителите на соодветните дејности;
- да преминува од една на друга високо-образовна установа, односно од едни на други студии, и притоа да ги користи погодностите на кредит-системот;
- да се организира во граѓански здруженија и други форми на лична иницијатива;
- да ги продолжи студиите што ги прекинал, со исполнување на процедури и обврски спрема институцијата на која што сака да ги продожи студиите;

- да користи распуст не помалку од 60 дена, во рамките на една календарска година;
- да добива државни или други стипендии или да користи финансиски кредит за издршка за време на школувањето, под услови утврдени со Закон;
- да остварува соработка со студентите во земјата и во странство;
- да остварува и други права согласно со Закон и со овој Статут.

**Управниот одбор** усвојува правилник со кој ги утврдува условите според кои се наградуваат студентите (вклучувајќи и ослободување од партиципација - школарина за една или повеќе академски години) кои постигнуваат надпросечни резултати и со својата активност помагаат во развојот на **Универзитетот.**.

Правата од ставовите 1 и 2 на овој член, студентот на **Универзитетот**, ги остварува во обем и според условите утврдени со Закон, овој Статут и општите акти на **Универзитетот**.

**Член 155**

Орган што ги штити правата на студентите е студентскиот правобранител.

**Член 156**

Студентот е должен :

- да се придржува кон обврските кои за него произлегуваат од Статутот, како и да одговара за повреда на истите
- задолжително да ја користи картичката за влез-излез која ќе ја набави на своја сметка
- во просториите на **Универзитетот** задолжително да ја носи студентската униформа која ќе ја набави на своја сметка, со боја и квалитет усвоена од страна на **Универзитетот**
- секоја учебна година во текот на своето студирање задолжително да посетува по 2 (два) едукативно-работни семинари во траење од по 7 (седум) календарски денови или да изработи и одбрани Проектна задача од одржан семинар. Семинарите ќе се одржуваат надвор од матичниот град односно држава. Трошоците за семинарите кои се однесуваат на организиран превоз, сместување во објектот каде ќе се одржува семинарот (со полн пансион) како и издавањето на брошура од семинарот ќе ги сноси секој студент поединечно.

***4. Право на предвремено полагање испити и на паралелно студирање***

**Член 157**

Студентот кој по завршувањето на прва година, односно кој ги исполнил условите од кредит-системот на првиот циклус на универзитетски студии ќе постигне просечна оценка најмалку 8,00 (осум) има право предвреме да полага испити по предмети од следната година, по предходна уплата на годишната школарина за наредната академска година, односно по првиот блок предмети според кредит-системот, како и на паралелно студирање на друг факултет.

*5. Премин од едни на други студии*

**Член 158**

Во текот на студиите, студент од друга високообразовна установа може да премине на **Универзитетот**, под услови утврдени со Закон, овој Статут и со општите акти на **Универзитетот**, при што на студентот му се признаваат испитите и семестрите доколку соодвествуваат студиските и наставните програми од **Универзитетот** од кој преминал.

Студент кој бил запишан на иста или на сродна високообразовна установа која престанала со работа има право да ги продолжи студиите на **Универзитетот** под услови утврдени со овој Статут.

Студентите на **Универзитетот** самостојно ги сносат трошоците на школувањето.

*6. Правила на студирање*

**Член 159**

Условите под кои студентот може, според кредит-системот, да запише нови наставни предмети од следната година, или следен семестар, следењето и проверката на знаењата и другите правила за студирање се уредуваат со правилник на Универзитетот, на кој согласност дава **Управниот одбор и** кој е анекс на овој Статут.

*7. Престанување на статусот на студент*

**Член 160**

На студентот му престанува статусот на студент на **Универзитетот** според условите и постапката утврдени со Закон, овој Статут и општите акти на **Универзитетот**.

Статусот студент престанува со:

- дипломирање;
- испишување
- исклучување и
- неисполнување на финансиски обврски кон **Универзитетот.**

Статусот студент може да биде обновен според услови утврдени со Закон и со овој Статут, освен ако статусот на престанал со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот.

*8. Дисциплински мерки*

**Член 161**

За повреда на должностите и за неисполнување на договорните обврски, на студент на првиот циклус на универзитетски студии може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки: опомена, јавна опомена и исклучување.

Како повреда на должностите на студентот, особено, се сметаат:

- преправање на оценки;
- подметнување пријави;
- мамење на испит и плагијат
- фалсификување потписи на професори;
- внесување алкохол и опојни дроги во **Универзитетот**;
- уживање алкохол и опојни дроги;
- пушење во просториите на **Универзитетот**;
- непочитување на членовите и одлуките на органите на Универзитетот и и на факултетите како и на **Управниот одбор**;
- во други случаи.

**Член 162**

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Дисциплинските мерки ги изрекува Комисијата за дисциплински мерки на **Универзитетот**.

Дисциплинската комисија е составена од тројца членови: еден наставник, еден соработник и еден член од редот на студентите на **Универзитетот**.

Дисциплинската комисија ја избира Наставно-научниот совет со мандат од една година.

Постапката за изречување дисциплински мерки ќе се уреди со Правилник на Универзитетскиот Сенат кој е анекс кон овој Статут.

**Член 163**

Посебна дисциплинска комисија постапува против вработени во **Универзитетот**, во случај на создавање интимни врски спротивни на моралот и етиката на образованието, а особено но не и исклучиво помеѓу: професор/ка - студент/ка, асистент/ка - студент/ка, лектор/ка – студент/ка, помлад/а асистент/ка - студент/ка, било кој вработен во администрацијата - студент/ка со што грубо се крши кредибилитетот на институцијата, што може штетно да влијае на развојот на истата.

Во случаите од став 1 на овој член, на прекршителите ќе им биде изречена единствена мерка: престанок на работниот однос односно губење на наставнички звања професор/ка, соработник и статусот на студент/ка, како и вработен во администрацијата на **Универзитетот**

**Член 164**

Дисциплинската комисија постапува против вработени на **Универзитетот** и во случај на барање и примање поткуп во парични и други средства од студентите, како и во случај на уценување на студентите или било каков вид на воспоставување односи кои штетно би влијаеле на угледот на **Универзитетот**, на било каков начин.

Во случаите од став 1 на овој член, на прекршителите, покрај кривичната одговорност согласно Законот, ќе им биде изречена и единствена мерка: престанок на работниот однос, односно губење на статусот студент.

*9. Учество на студентите во управувањето*

*9.1. Начин на учество во управувањето*

**Член 165**

Студентите учествуваат во управувањето со **Универзитетот** преку свои претставници во органите на **Универзитетот**, преку формите на самоорганизирање или на друг начин, според условите утврдени со Закон и со овој Статут.

*9.2. Содржина на учеството на студентите во управувањето*

**Член 166**

Во рамките на своето право на управување студентите:

- донесуваат и остваруваат програма на различните форми и видови на интересни дејности, организирани на **Универзитетот**;
- ги разгледуваат и на надлежните органи им даваат мислење за Статутот, другите општи акти и за другите прашања кои се однесуваат на правата и должностите на студентите;
- избираат свои претставници во органите на **Универзитетот**;
- учествуваат во кандидационата постапка за избор на декан;
- расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес на студентите.

## XV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА И ИМОТ на Прв приватен универзитет - ЕУ-РМ

*1. Финансирање на дејноста на Универзитетот*

**Член 167**

**Универзитетот** стекнува средства од:

- вршење образовни услуги на правни и на физички домашни и странски лица;
- продавање научни и стручни услуги и производи на правни и на физички домашни и странски лица;
- камати и дивиденди;
- приходи врз основа на авторско право во сопственост на **Универзитетот**;
- легати, подароци, завештанија, прилози и други извори.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози **Универзитетот** располага според намената на давателот.

**Управниот одбор** на **Универзитетот** е обврзан да ги превзема неопходните мерки за навремено извршување на финансиските обврски од корисниците на образовните и други услуги кон **Универзитетот**.

**Член 168**

**Универзитетот** може да даде финансиска гаранција на члeновите на **Управниот одбор**, по нивно барање за добивање на кредит од домашна или

странска банка. Трошоците за одобрување на кредитите паѓаат на товар на барателите на кредитот.
**Универзитетот** може да гарантира и за кредит и на вработените, по нивно барање, под услови и со каматна стапка кои ќе ги определи **Управниот одбор** и писмен договор со барателите на кредитот и банката која ќе го одобри кредитот.

*2. Годишен план за финансирање*

**Член 169**

Годишниот финансиски план за финансирање на **Универзитетот** го донесува **Управниот одбор**.

*3. Имот на Универзитетот*

**Член 170**

**Универзитетот** самостојно управува и располага со имотот и ги користи стварите, паричните средства и другите материјални права заради вршење на високообразовната дејност, под услови определени со Закон, овој Статут и актите на органите.

*3.1. Завештанија, средства на фондации или други наменски фондови*

**Член 171**

Недвижностите и другите средства дадени како завештанија, средствата на **Универзитетот** донации или други наменски фондови, **Универзитетот** ги користи исклучително според намената што ја определил донаторот, во согласност со Закон.

Недвижностите и другиот имот што го стекнал **Универзитетот** врз основа на завештанија и подароци се сопственост на **Универзитетот**.

*3.2. Имот на Универзитетот при престанување со работа*

**Член 172**

Ако **Универзитетот** престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските се имот на основачите.

Имотот, средствата и приходите што остануваат по намирувањето на обврските, кои ги стекнал **Универзитетот** со донација, му припаѓаат на донаторот, под услови утврдени со Закон и со овој Статут.

## XVI. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 173**

Издавачката дејност на **Универзитетот** се остварува врз единствените основи за издавачка дејност утврдени во Правилникот за издавачка дејност.

Издавачката дејност се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, гласила и друга прирачна литература, кои ќе се продаваат во книжарницата или библиотеката на **Универзитетот**.

**Член 174**

Изданијата од член 173 став 2 задолжително се рецензираат.

Рецензиите од претходниот став на овој член задолжително се објавуваат во Билтен на **Универзитетот**.

## XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 175**

Општите акти на **Универзитетот** се објавуваат во јавното гласило на **Универзитетот** и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 176**

До донесувањето на актите кои се анкес на овој Статут, со кои се утврдуваат правилата за студирање и правилата за кредит-системот, ќе се применуваат одредбите од Законот за високото образование и овој Статут, а во случај на правни празнини ќе се применуваат и актите на Европскиот универзитет.

**Член 177**

Општите акти на **Универзитетот** ќе се донесат или усогласат во рок од 6 месеци од влегувањето во сила на овој Статут.

**Член 178**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат статутарните одлуки со кои се регулираат одделни прашања што се регулираат со овој Статут.

**Член 179**

Овој Статут влегува во сила со ден на одобрувањето од страна на Управниот одбор на Универзитетот, по претходно мислење на Министерството за Образование и Наука, а ќе се применува од 01.01.2009 година.

Универзитетот своите општи акти ќе ги усогласи со овој статут најдоцна два месеци од неговото стапување на сила.

**Ректор**

**Проф. д-р Зоран Ивановски**